ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

СИНДИКАТ НА РАБОТНИЦИТЕ ОД УПРАВАТА, ПРАВОСУДНИТЕ ОРГАНИ, ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ОСНОВНА СИНДИКАЛНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Синдикат на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на Република Македонија - УПОЗ
Бр. 0101-250/1
03.06. 2021 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
Бр.-Nr. 01-690/1
03. 06. 2021 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР
# ЗА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

јуни 2021

Врз основа на член 13 - а став 3 од Законот за државната ревизија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/10, 145/10, 12/14, 43/14, 154/15, 27/16 и 83/18) и член 219 став 1 од Законот за работните односи, („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 3/06, 44/06, 66/06, 16/07, 57/07, 77/07, 106/08, 161/08, 63/09, 114/09, 130/09, 149/09, 10/10, 16/10, 50/10, 52/10, 58/10, 124/10, 132/10, 158/10, 47/11, 11/12, 39/12, 52/12, 13/13, 25/23, 54/13, 170/13, 187/13, 34/14, 106/14, 113/14, 145/14, 20/15, 33/15, 72/15, 74/15, 129/15, 167/15, 27/16, 134/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 110/19, 267/20), а во врска со член 3 и член 24 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија„ број 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 143/19 и 14/20 ) и член 4 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“, број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 80/16, 127/16, 142/16, 2/17, 16/17 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/19 и 14/20), Закон за исплата на платата во Република Северна Македонија, член 7 од Гранскиот колективен договор за органи на државната управа, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судовите, јавните обвинителства, казнено - поправните и воспитно - поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ“ број 51/2020), Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи, здруженија на граѓани на Република Македонија (УПОЗ), Основната синдикална организација на Државниот завод за ревизија (во понатамошниот текст синдикална организација) и Државниот завод за ревизија, склучуваат

# КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР ЗА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Колективен договор (во натамошниот текст: Договор) се уредуваат правата, обврските и одговорностите на вработените во Државниот завод за ревизија, начинот на остварување на правата и обврските од работен однос и други прашања во врска со работните односи од интерес на вработените и работодавачот, како и начинот и постапката на решавање на меѓусебните односи.

Член 2

(1) Работодавач во смисла на овој договор е Државен завод за ревизија (во понатамошен текст: ДЗР) претставуван од Главниот државен ревизор.

(2) Вработени во ДЗР во смисла на овој договор се административните службеници (државен службеник - овластени државни ревизори, односно државни ревизори кои вршат државна ревизија и државни службеници кои вршат работи на административно техничка поддршка на ревизија) и помошно-технички лица.

(3) Синдикат во смисла на овој колективен договор е Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на Република Македонија (УПОЗ)и Синдикалната организација на Синдикатот на УПОЗ при Државниот завод за ревизија (во натамошниот текст-Синдикатот).

Член 3

(1) Овој договор се применува непосредно и задолжителен е за сите вработени лица во ДЗР кои имаат работен однос на неопределено време.

(2) Со цел остварување на правата и обврските од овој колективен договор, постои обврска вработените редовно да ја плаќаат членарината утврдена со актите на Синдикатот.

(3) За правата, обврските и одговорностите од работен однос на вработените кои што не се утврдени со Законот за државната ревизија и Законот за административни службеници, Законот за вработените од јавниот сектор и овој договор, се применуваат општите прописи за работни односи.

**Член 4**

Синдикатот учествува со еден претставник без право на глас во подготовката на :

- Буџетот и финансискиот план;
- Правилникот за внатрешна организација и Правилникот за систематизација на работните места;
- Функционална анализа на ДЗР.

## 2. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

### 2.1. Пополнување на работните места во ДЗР

**Член 5**

Пополнувањето на работните места во ДЗР се врши преку спроведување на постапка за:

- вработување,
- унапредување и

- мобилност преку распоредување или преземање.

### 2.1.1. Вработување во ДЗР

**Член 6**

Постапката за вработување во ДЗР задолжително се спроведува во согласност со одредбите на Законот за административни службеници.

За вработените кои вршат технички и помошни работи, постапката за вработување се спроведува согласно Законот за вработените во јавниот сектор односно прописите за работните односи.

### 2.1.2 Унапредување на вработените во ДЗР

**Член 7**

Постапката на унапредување има за цел да им овозможи на вработените кариерно напредување во ДЗР, односно преминување од пониски, на повисоки работни места, на начин и во постапка уредени со Законот за административни службеници и одредбите од овој Колективен договор.

#### 2.1.2.1 Постапка на унапредување на административните службеници (државни службеници - овластени државни ревизори, односно државни ревизори кои вршат државна ревизија

**Член 8**

(1) За отпочнување постапка на унапредување на државни ревизори, Генералниот секретар или овластено лице од Главниот државен ревизор, доставува барање за отпочнување постапка на унапредување на вработен/и до организационата единица надлежна за управување со човечки ресурси. Во барањето се назначува нивото и описот на работното место кое се предлага за пополнување, како и известување за обезбедени финансиски средства согласно Буџетот / финансискиот план на Државниот завод за ревизија.

(2) Организационата единица надлежна за управување со човечки ресурси, на веб страницата на ДЗР, објавува интерен оглас и образец за пријава за унапредување.

(3) На интерниот оглас може да се јави секој вработен кој ги исполнува општите и посебните услови за пополнување на работното место пропишани за соодветно ниво во овој Колективен договор и во Правилникот за систематизација на работни места во ДЗР како и:

- да е оценет со оцена "А" или "Б" при последното оценување;
- да е на работно место на пониско ниво од работното место за кое е објавен интерниот оглас;
- да поминал најмалку една година на тековното работно место;

- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

(4) На вработениот на кој му е доделено овластување за вршење работни задачи на друго работно место, покрај оние кои ги извршува на работното место на кое е распореден, комисијата го верифицира како работно искуство за нивото на работно место за кое има добиено овластување.

(5) При избор на интерен оглас, комисијата го верифицира работното искуство на вработените кои самостојно раководеле со тим и со процесот на ревизија, се стекнале со соодветно работно искуство и вршеле други работи и задачи покрај оние кои ги извршувале на работното место на кое биле распоредени.

(6) Кандидатите за унапредување се пријавуваат на интерниот оглас со поднесување на пополнетата пријава и докази за податоците содржани во пријавата и истата преку архивата ја доставуваат до организационата единица за управување со човечки ресурси.

(7) Рокот за пријавување на огласот не може да биде пократок од пет, односно подолг од десет дена од денот на неговото објавување.

(8) Пријавата за унапредување содржи име и презиме, тековно работно место, ниво и работно искуство на пријавениот кандидат.

(9) Постапката за унапредување преку интерен оглас ја спроведува Комисија за селекција за унапредување, составена од три члена и нивни заменици.

(10) Комисијата за селекција за унапредување ја формира работодавачот.

(11) Со кандидатите за кои ќе се утврди дека ги исполнуваат условите утврдени во интерниот оглас, Комисијата за селекција спроведува интервју.

(12) Врз основа на извештајот од спроведената постапка, Комисијата до работодавачот доставува предлог за избор на најдобар кандидат, за секое од работните места за кој е објавен огласот или доставува предлог за невршење избор на кандидат.

(13) Во рок од три дена од добивањето на предлогот за избор, работодавачот донесува одлука за избор или одлука за невршење на избор.

(14) Одлуката за избор се доставува до кандидатите за унапредување и се објавува на огласна табла во Државниот завод за ревизија.

### 2.1.2.2 Постапка на унапредување на административните службеници државни службеници кои вршат административни работи во функција на извршување на надлежностите на ДЗР

**Член 9**

Постапка на унапредување на вработените кои вршат работи на административно техничка поддршка на ревизијата се спроведува во согласност со одредбите на Законот за административни службеници.

### 2.1.3 Мобилност преку распоредување на вработените во ДЗР

**Член 10**

(1) Мобилноста преку распоредување е хоризонтално движење на вработените во ДЗР од едно на друго работно место во рамките на исто ниво, утврдено со овој договор.

(2) Вработениот во ДЗР, на негово барање или по потреба на ДЗР може да биде трајно или времено распореден на друго работно место на исто ниво, односно на работно место за кое ги исполнува општите и посебните услови пропишани во Правилникот за систематизација на работни места во ДЗР, за што Главниот државен ревизор носи решение за негово распоредување.

(3) Вработениот во ДЗР по потреба на ДЗР, може да биде распореден на секое работно место во исто ниво, во следните случаи:

- поради настанати организациски промени;
- ако претстои укинување на работното место;
- за замена на отсутен вработен во ДЗР за работи кои се од интерес за ДЗР, до неговото враќање на работа;
- кога се очекува дека со распоредувањето на друго работно место вработениот во ДЗР ќе оствари подобри резултати;
- поради објективни причини / состојби кои се од интерес на ДЗР и
- заради замена на ненадејно отсутен вработен во ДЗР.

(4) Мобилноста преку распоредување се врши без објавување на интерен, односно јавен оглас.

## 3 СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ДЗР

**Член 11**

Работодавачот донесува Годишен план за континуирано професионално усовршување на вработените лица во ДЗР.

### 3.1 Годишен план за континуирано професионално усовршување

**Член 12**

(1) Вработените имаат право и обврска, во текот на годината професионално да се усовршуваат преку специјализирани обуки врз основа на Годишен план за континуирано професионално усовршување на вработените лица во ДЗР како и должност да го пренесат стекнатото знаење на другите вработени.

(2) При изготвувањето на Годишниот план за континуирано професионално усовршување на вработените лица во ДЗР, надлежната организациска единица за изработка на истиот треба да ги има предвид:

- работните задачи на вработените и Годишната програмата за работа на Државниот завод за ревизија,
- поединечните потреби на вработените за професионално усовршување.

(3) Вработените кои за прв пат засновале работен однос во ДЗР, задолжително поминуваат воведна обука за вршење на државна ревизија.

(4) Едукацијата во Државниот завод за ревизија се практикува како воведна обука кај лице кое прв пат се вработува во ДЗР, при мобилност на работно место, начин за усовршување на вработениот и како предлог корективна мерка во постапка за оценување на ефектот на вработениот.

(5) Едукатори се вработени државни ревизори кои се определени од главниот државен ревизор да спроведуваат едукација на лицата кои прв пат засновале работен однос во Државниот завод за ревизија или лица експерти од поодделна област ангажирани со договор.

### 3.2 Професионално усовршување на вработените

Член 13

(1) Професионалното усовршување на вработените се врши со цел унапредување на знаењата и компетенциите, како и заради развој на вештините на вработените и се спроведува преку обуки, семинари, курсеви, работилници и друго.

(2) Професионалното усовршување на вработените се организира самостојно од страна на Државниот завод за ревизија или во соработка со други домашни и странски организации / правни лица.

(3) Во случај кога професионалното усовршување се спроведува преку стажирање во правата обврските и одговорностите (стажант), се регулираат помеѓу работодавачот и стажантот, а согласно Законот за административни службеници и Законот за работни односи и овој колективен договор.

(4) Средствата за професионално усовршување на вработените се предвидуваат во Буџетот / финансискиот план на Државниот завод за ревизија.

## 4. ОЦЕНУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ

**Член 14**

(1) Оценувањето на вработените во ДЗР се извршува согласно Законот за административни службеници, за вработените кој даваат административно техничка поддршка на ревизијата.

(2) Оценувањето на работењето на државните ревизори, односно овластените државни ревизори се врши еднаш годишно најдоцна до 31 јануари во тековната за претходната година, согласно интерен акт донесен од страна на ГДР.

## 5. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ВРАБОТЕНИТЕ

**Член 15**

(1) Вработениот е должен лично да ги извршува работите на работното место на кое што е распореден, во согласност со позитивните законски прописи и општите акти за внатрешна организација и систематизација на работни места на Државниот завод за ревизија, Етичкиот кодекс на административните службеници, ISSAI 130 – Кодекс на етика и Кодексот на етика на државните ревизори.

(2) Вработениот е должен навремено, совесно и редовно да ги извршува работните задачи на работното место на кое што е распореден, во време и на место, кои што се определени за извршување на работата, почитувајќи ја организационата и деловната активност на работодавачот.

(3) Вработениот е должен да чува деловна тајна, односно со свои дејствија да не му нанесува штета на угледот на работодавачот.

(4) Вработениот е должен да се придржува до прописите за безбедност на работа.

(5) Вработениот е должен да се грижи за средствата кои му се ставени на располагање и да ги користи домаќински.

(6) Информациите со степен на класификација до кои имаат пристап вработените во ДЗР при вршење на државната ревизија, не смеат да ги разменуваат или споделуваат со неовластени лица.

(7) За непочитување на одредбите определени во став (6) од овој член, вработените одговараат дисциплински или со потежок вид на одговорност согласно закон.

(8) ГДР со посебно овластување може да додели на вработениот вршење на работни задачи надвор од делокругот на работни задачи, кои вработениот ги извршува на неговото работно место, а кои се содржани во Правилникот за систематизацијата за работните места во ДЗР, во услови кога не може да се спроведе постапка на мобилност преку распоредување на вработен и во услови:

- кога треба да се замени привремено отсутен работник;
- кога е зголемен обемот на работа;

- во случај на елементарна непогода која се случила или непосредно се заканува и
- користење на стручната и работната способност на вработениот во ДЗР;
- завршување на итни и неодложни работи и
- за работи кои се од интерес за ДЗР.

## 5.1 Работно време

**Член 16**

(1) Полното работното време на вработените во Државниот завод за ревизија изнесува 40 часа неделно.

(2) Работната недела по правило трае пет работни дена.

(3) Работодавачот е должен да води евиденција за полното работно време.

(4) Работното време на вработените е флексибилно и започнува во 07:30 – 08:30 часот, и завршува во 15:30 - 16:30 часот.

(5) Вработените се должни да го почитуваат работното време во Државниот завод за ревизија, односно да го прилагодат истото на работното време во субјектите предмет на ревизија, за време на работа на терен притоа обезбедувајќи полно работно време во текот на работниот ден.

## 5.2 Прекувремена работа

**Член 17**

(1) По исклучок работното време на вработениот во Државниот завод за ревизија може да трае подолго од полното работно време (прекувремена работа), но не повеќе од 8 часа во текот на една недела и најмногу 190 часа годишно, заради:

- исклучително зголемување на обемот на работа;
- продолжување на работниот процес;
- неопходно отстранување на оштетување на средствата за работа што би предизвикало прекинување на работниот процес;
- безбедност на вработените и имотот;
- за време на земјотрес, поплава, пожар, епидемија и друга виша сила или несреќа која се случила или која непосредно се заканува и
- завршување на итни и неодложни дејствија на процесот на работата.

(2) Во случаите од став 1 на овој член вработениот е должен да работи врз основа на писмена, а во исклучителни случаи и усна наредба од страна на непосредниот раководител.

(3) Во случај на издавање на усна наредба, непосредниот раководител е должен истата да ја верификува во писмена форма, најдоцна во рок од 24 часа од нејзиното усно издавање.

(4) Работното време подолго од 40 часа во работната недела може да трае само онолку време колку што е неопходно потребно да се остварат целите на прекувремената работа од став 1 на овој член.

(5) На вработениот кој работел над 150 часа подолго од полното работно време, а не отсуствувал од работа повеќе од 21 ден во текот на годината кај истиот работодавач, работодавачот е должен да му исплати покрај додатокот на плата и бонус во висина од една просечна плата во Републиката, доколку за тоа се обезбедени средства во Буџетот / финансискиот план на ДЗР.

(6) Работодавачот е должен да води посебна евиденција за прекувремената работа и часовите на прекувремената работа и посебно да ги наведе во месечната пресметка на платата на работникот.

## 5.3 Забрана на вршење на прекувремена работа

### Член 18

(1) Работа подолга од полното работно време не смее да се наложи:

- на вработениот жена за време на бременост или со дете до една годишна возраст,
- на мајка со дете до 3 години старост и самохран родител со дете до шест години старост, освен ако вработениот даде писмена изјава дека доброволно се согласува со прекувремената работа,
- на повозрасен вработен (над 57 години за жени и над 59 години за мажи), освен ако вработениот даде писмена изјава дека доброволно се согласува со прекувремената работа,
- на вработен кој работи со скратено работно време,
- на вработен на кој врз основа на мислење на лекарска комисија поради таквото работење ќе му се влоши здравствената состојба и
- во други случаи утврдени со закон.

(2) Работодавачот не смее да наложи работа подолго од полното работно време ако работата може да се изврши со соодветна организација или распределба на работата или распоредување на работното време.

## 5.4 Скратено работно време

**Член 19**

(1) Вработениот кој работи помалку од полното работно време (скратено работно време) во согласност со прописите на пензиско и инвалидско осигурување (инвалидност), прописите за здравствено осигурување (медицинска рехабилитација), остварува права од задолжителното осигурување исто како да работел со полно работно време.

(2) Вработениот од став 1 на овој член, кој работи помалку од полното работно време, има право на плаќање за работата според стварните работни обврски, како и други права и обврски од работниот однос како работник кој работи полно работно време.

## 6. ПАУЗА, ОДМОР И ОТСУСТВО ОД РАБОТА

### 6.1 Пауза

**Член 20**

(1) Во текот на работниот ден, работникот има право на дневна пауза во траење од 30 минути, во временска рамка утврдена со интерен акт од страна на работодавачот односно прилагодена на условите на субјектот предмет на ревизија.

(2) Вработената која го дои детето и по изминувањето на отсуството поради бременост, раѓање и родителство, ќе започне да работи со полно работно време, има право на платена пауза во текот на работното време, во траење од еден ипол час дневно, во кое време се засметува и дневната пауза. Тоа право го има вработената до наполнета 15 месечна возраст на детето.

### 6.2 Неделен одмор

**Член 21**

(1) Вработениот има право на неделен одмор во траење од најмалку 48 часа непрекинато.

(2) Ден на неделниот одмор по правило е сабота и недела.

**Член 22**

Вработениот има право на отсуство од работа со надоместок на платата за празниците на Република Северна Македонија кои што се определени како неработни денови и за другите денови определени со закон.

## 6.3 Годишен одмор

### Член 23

(1) Вработените имаат право на платен годишен одмор во текот на една календарска година во траење од најмалку 20 работни дена.

(2) На вработениот му се издава решение за правото на користење на годишен одмор.

(3) На барање на вработениот, со образложување на причините, периодот кој му е утврден како годишен одмор во решението од став 2, може да биде заменет со друг датум, доколку тоа работниот процес го дозволува.

(4) Празниците, саботите и неделите, слободните денови, отсуствата поради боледување, како и други случаи на оправдано отсуство од работа, не се пресметуваат во деновите на годишниот одмор.

### 6.3.1 Стекнување на право на годишен одмор

### Член 24

Вработениот, кој за прв пат заснова работен однос, се стекнува со правото на цел годишен одмор во моментот кога ќе оствари непрекината работа од најмалку шест месеци, без оглед на тоа дали вработениот работи со полно работно време или со пократко работно време од полното.

### 6.3.2 Право на пропорционален дел од годишниот одмор

### Член 25

Вработениот има право на користење на пропорционален дел од годишниот одмор во вкупен износ од по 2 дена за секој месец работа, ако:

- во календарската година во која склучил работен однос не се стекнал со правото на целосен годишен одмор и
- му престанал работниот однос пред изминувањето на рокот, по истекувањето на кој би добил право на целосен годишен одмор.

### 6.3.3 Користење на годишниот одмор

### Член 26

(1) Годишниот одмор по правило се користи во текот на календарската година. Годишниот одмор може да се користи два и повеќе дела, со тоа што првиот дел мора да трае најмалку две непрекинати работни недели, до крајот на тековната календарска година, а остатокот до 30 јуни идната година.

(2) Годишниот одмор којшто не бил искористен во тековната календарска година заради отсутност поради боледување или повреда, породилен одмор или одмор за нега и чување на дете, работникот има право да го искористи до 30 јуни идната календарска година, исто така ако вработениот има склучено договор со ДЗР при што работните обврски ги извршува во странство или поради професионално усовршување е упатен во странство може во целост да го искористи годишниот одмор до крајот на идната календарска година.

(3) Вработениот има право три дена од годишниот одмор да ги искористи во денови коишто самиот ќе ги определи, ако тоа посериозно не го загрозува работниот процес.

(4) Во случај на итна и неодложна потреба (работи кои не зависат од волјата на вработениот и не можат однапред да се предвидат), вработениот има право да искористи еден ден од деновите наведени во ставот (1) на овој член, за што до крајот на работното време во денот на настанувањето на потребата за истото ќе
го извести работодавачот.

(5) За користењето на деновите од ставот (1) на овој член работодавачот е должен да издаде решение.

**Член 27**

(1) Распоредот на користењето на годишниот одмор го утврдува работодавачот врз основа на предлог план на вработените кои раководат со организационите единици.

(2) Врз основа на распоредот за користење на годишниот одмор, на секој вработен му се врачува решение за користење на годишен одмор.

## 6.3.4 Критериуми за утврдување на траењето на годишниот одмор

**Член 28**

(1) Годишниот одмор се утврдува врз основа на следните критериуми:

Должина на работниот стаж:

| | |
|---|---|
| - работен стаж од 1 до 10 години | 2 работни дена |
| - работен стаж од 10 до 15 години | 3 работни дена |
| - работен стаж од 15 до 20 години | 4 работни дена |
| - работен стаж од 20 до 25 години | 5 работни дена |
| - преку 25 години стаж | 6 работни дена |

(2) На вработените по основ групата на сложеност на работите на работно место утврдено во овој колективен договор, годишниот одмор се зголемува:

- на вработените од категорија Б (раководни) – 3 дена;
- на вработените од категорија В (стручно административни) – 2 дена;
- на вработените од категорија Г и помошно-технички лица – 1 ден;
- За работа помината на терен во вкупно траење од 60 или повеќе денови – 3 дена.

(3) Годишниот одмор на вработените не смее да надминува 26 дена по основ на критериумите определени во став 1 и став 2 од овој член.

(4) Други социјални и здравствени околности:

- вработениот повозрасен од 57 години (жена) и 59 година (маж), инвалид, работник со најмалку 60% телесно оштетување и вработен кој негува и чува дете со телесен или душевен недостаток - дополнителни 3 работни дена.
- вработен самохран родител или старател со дете до 15 години – дополнителни 2 работни дена и
- самохран родител, родител или старател со дете со посебни потреби – дополнителни 6 работни дена.

**Член 29**

(1) Во годишниот одмор не се пресметува времето поминато на боледување кое е одобрено од лекар, ако болеста настапи за време на користењето на годишниот одмор.

(2) Вработениот е должен веднаш и без одлагање да го извести непосредно претпоставениот и работодавачот за користењето на боледувањето.

(3) Доколку во рок од 24 часа вработениот не го извести непосредно претпоставениот и работодавачот за користењето на боледувањето истиот може да одговара дисциплински.

(4) Доколку во рок од 48 часа вработениот не го извести непосредно претпоставениот и работодавачот за користењето на боледувањето работодавачот може да одлучи да му престане работниот однос на вработениот.

### 6.4 Платено отсуство

**Член 30**

(1) Вработениот има право на платено отсуство заради лични и семејни околности во текот на една календарска година во следниве случаи:

| | |
|---|---|
| - при склучување брак | 5 работни дена |
| - при склучување брак на дете | 3 работни дена |
| - за раѓање или посвојување дете (само таткото) | 3 работни дена |
| - за смрт на сопружник или дете | 5 работни дена |
| - за смрт на родител, брат или сестра | 3 работни дена |
| - за смрт на дедо или баба | 1 работен ден |
| - за смрт на родител на сопружник | 2 работни дена |

- развод на брак – 3 работни дена (најдоцна до правосилноста на пресудата за развод на бракот),
- полагање на стручен испит за потребите на работодавачот – 3 работни дена,
- полагање на правосуден испит, магистратура или докторат – 3 работни дена,
- селидба на семејството од едно во друго место – 3 работни дена,
- селидба на семејството во исто место – 1 работен ден,
- елементарна непогода и климатски неповолен настан – 5 работни дена,
- елементарна непогода во домот (пожар, поплава и друг неповолен настан во домот за кој се доставува со дополнителна документација) – 3 работни дена;
- кражба во домот – 1 работен ден,
- прв ден на прваче – 1 работен ден,
- доброволно дарување крв – денот на дарување на крв и 2 последователни работни дена и
- за учество на синдикални активности на вработените организирани од страна на Синдикатот на УПОЗ во деновите на одржување на тие активности по претходно доставена Програма од УПОЗ.

(2) За користењето на правото на платено отсуство од ставот 1 на овој член, вработениот поднесува барање до работодавачот.

**Член 31**

(1) Вкупниот број на искористени денови врз основа на правото од член 30 на овој член, не може да биде поголем од 7 работни дена во една календарска година.

(2) По исклучок од ставот 1 на овој член, вработениот има право на платено отсуство за секој смртен случај наведен во ставот 1 на член 30 независно од вкупните искористени денови во една календарска година.

(3) Вработениот го користи платеното отсуство во времето на настанување на околностите врз основа на кои му припаѓа правото на платено отсуство.

(4) Вработениот доставува доказ за настанатите околности врз основа на кои му припаѓа правото на платено отсуство.

### Член 32

(1) Вработениот има право заради приватни причини, за кои ќе го запознае непосредно претпоставениот да отсуствува од работа максимум до 4 часови во текот на месецот.

(2) Вработениот не може да ги користи 4-те часови во еден ист ден.

(3) Во случај на повеќе часовно отсуство, но не подолго од два часа од приватни причини, вработениот го известува непосредно претпоставениот.

(4) Во случај на надминување на максимумот од став 1 од овој член, непосредно претпоставениот го известува генералниот секретар и Одделението за човечки ресурси кое е должно да го евидентира отсуството и истото се засметува како искористен ден од годишен одмор.

## 6.5 Неплатено отсуство

### Член 33

(1) Вработен кој е избран за член на спортска државна репрезентација или член на државна спортска делегација, има право на неплатено отсуство од работа по претходно одобрение од работодавачот за да учествува на спортските настани или натпревари организирани од европски и светски федерации во текот на годината.

(2) Правото од став 1 на овој член се остварува по барање на вработениот, а

по претходно приложена соодветна документација, од надлежни органи.

### Член 34

(1) Вработениот може да отсуствува од работа без надомест на платата и придонеси од платата но не подолго од 3 месеци во една календарска година, и тоа во следниве случаи:

- за нега на болен член од семејството,
- за лекување со сопствени средства, непризнаени од Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија на своја сметка,
- за изградба или поправка на куќа, односно стан,

- за учество на културни и спортски манифестации што не се дел од синдикалните манифестации,
- за учество на конгреси, конференции и слично што не се дел од синдикални активности и не се за потребите на работодавачот,
- за подготовка на правосуден испит,
- за подготовка на магистерски труд или докторат,
- за други неодложни лични работи.

(2) Користењето на неплатеното отсуство се остварува врз основа на решение од работодавачот по писмено барање од страна на вработениот, во кое се наведува основот за неплатеното отсуство и времето на користењето на отсуството.

(3) Работодавачот е должен за користење на неплатеното отсуство да донесе решение за неплатено отсуство, најдоцна 15 дена пред користењето на неплатеното отсуство.

(4) На вработениот му мируваат правата и обврските од работен однос за време на неплатеното отсуство.

### 6.6 Мирување на работниот однос

#### Член 35

(1) На вработениот кој е избран или именуван на државна или јавна функција утврдена со закон, а чие вршење бара привремен престанок на работата кај работодавачот, му мирува работниот однос за време на вршење на функцијата и има право да се врати на работа кај работодавачот за вршење на работи коишто одговараат на неговиот степен на стручна подготовка во рок од 15 дена по престанувањето на функцијата што ја вршел.

(2) Доколку вработениот е избран или именуван на државна или јавна функција утврдена со закон, кај работодавачот, за време на вршење на функцијата му мируваат правата и обврските од работниот однос.

#### Член 36

(1) На вработен кој е упатен на работа во странство во рамките на меѓународно-техничка соработка, просветно-културна и научна соработка, во дипломатски и конзуларни претставништва, му мирува работниот однос и има право да се врати на работа кај работодавачот за вршење на работи коишто одговараат на неговиот степен на стручна подготовка, во рок од 15 дена од денот на престанувањето на работата во странство.

(2) На вработен, чиј брачен другар е упатен на работа во странство во случаите од став 1 на овој член, на негово барање му мирува работниот однос и има право да се врати на работа кај работодавачот за вршење работи коишто одговараат на неговиот степен на стручна подготовка, во рок од 15 дена од денот на престанувањето на работата на неговиот брачен другар во странство.

# 7 ЗАШТИТА НА ВРАБОТЕНИТЕ ПРИ РАБОТА

## 7.2 Безбедност и здравје при работа

### Член 37

(1) Работодавачот, согласно со закон и со овој договор, обезбедува услови и ги презема потребните мерки за безбедност и здравје на вработените, во согласност со посебните прописи за безбедност и здравје при работа.

(2) Работодавачот согласно со овој договор се обврзува да обезбеди колективно осигурување на вработените, доколку во Буџетот / финансискиот план на ДЗР за тековната година се обезбедени средства за оваа намена.

### Член 38

Работодавачот обезбедува здравствени прегледи на вработените преку овластена здравствена установа.

### Член 39

Работодавачот, преку претставник на вработените за безбедност и здравје при работа (во натамошниот текст: претставник), утврден од страна на синдикатот обезбедува: застапување на интересите на вработените во поглед на безбедноста и здравјето при работа, правото на учество во утврдување на недостатоците и подобрување на условите за работа и на работната средина, како и правото на вклучување во сите активности и нивоа кај работодавачот поврзани со безбедноста и здравјето при работа.

### Член 40

(1) Работодавачот се обврзува да обезбеди услови и средства за едукација на претставникот на вработените за безбедност и здравје при работа и извршување на неговите надлежности.

(2) Претставникот има посебна заштита од работниот однос што ја има и претставникот на Синдикатот, утврдени со овој колективен договор.

### Член 41

(1) Вработениот е должен за време на работата да ги користи сите предвидени заштитни средства и да се придржува кон правилата и упатствата за безбедна работа.

(2) Работодавачот во целост ги обезбедува средствата за оваа намена.

(3) Вработениот има право да укаже на потребата од обезбедување на соодветните услови за работа во случај кога му се заканува непосредна опасност по животот или здравјето поради неспроведување на пропишаните мерки за заштита при работа од страна на работодавачот.

**Член 42**

Претставник од синдикалната организација учествува во донесување на акт од страна на работодавачот, со кој прецизно и недвосмислено ќе се уреди начинот на облекување на вработените т.н. „dress code".

# 8 ПОСЕБНА ЗАШТИТА НА ВРАБОТЕНИТЕ

## 8.1 Заштита на вработените за време на бременост и родителство

**Член 43**

(1) Вработените поради бременост и родителство имаат право на посебна заштита во работниот однос, поради бременост и родителство.

(2) Работодавачот е должен на вработените да им овозможи полесно усогласување на семејните и професионалните обврски.

(3) Вработената за време на бременост, раѓање и родителство има право на платено отсуство од работа во траење од девет месеци непрекинато, а доколку роди повеќе деца одеднаш (близнаци, тројка и повеќе) 15 месеци.

(4) Врз основа на наод од здравствен орган, вработената може да го започне отсуството за бременост, раѓање и родителство, 45 дена пред раѓањето, а по потреба и 28 дена пред раѓањето.

(5) Доколку вработената се породи порано од рокот утврден во ставот (4) на овој член, отсуството за бременост и раѓање започнува да го користи од денот на раѓање на детето до истекот на рокот од став (1) од овој член.

(6) Правата од став 3 на овој член, важат и за вработената која посвоила дете.

(7) Вработената која го користи платеното отсуство поради бременост, раѓање и родителство, ако сака може да се врати на работа порано од предвиденото, но не и пред 45 дена од денот на раѓањето на детето.

(8) Вработената од став 7 на овој член покрај правото на плата има право и на надомест на плата за отсуство поради бременост, родителство во висина од 50% од утврдениот износ, според прописите на здравствена заштита.

(9) Доколку правата предвидени во овој член не ги искористи вработената, истите може да го користи таткото/родителот или посвоителот на детето.

(10) Еден од родителите на детето со развојни проблеми има право да работи половина работно време, во случај ако двајцата родители се во работен однос, или се работи за самохран родител, врз основа на наод од лекарска комисија за здравствено згрижување.

(11) Вработената која го дои своето дете и по изминувањето на отсуството поради бременост, раѓање и родителство, ќе започне да работи со полно работно време има право на платена пауза во текот на работното време, во траење од еден и пол час дневно, сметано и времето за пауза, се додека детето не наполни две години.

## 8.2 Заштита за време на бременост и родителство во врска со прекувремената и работа поврзана со ноќевање надвор од седиштето на работодавачот

### Член 44

(1) За време на бременост или со дете до една година возраст, на вработената не и се доделуваат работни обврски кои предизвикуваат нивно извршување по пат на прекувремена работа или патување поврзано со ноќевање надвор од седиштето на Државниот завод за ревизија, освен со нејзина претходна согласност.

(2) На вработената која има дете од една до три години возраст, може да и се наложи да врши прекувремена работа или патување поврзано со ноќевање надвор од седиштето на Државниот завод за ревизија, само по нејзина претходна согласност.

(3) Правото од ставовите (1) и (2) на овој член го има вработениот- татко на детето, односно вработениот кој го негува детето, доколку мајката умре, го напушти детето, односно врз основа на мислењето на надлежната лекарска комисија според прописите на здравственото осигурување е неспособна за самостојно живеење и работа.

(4) На еден од вработените - родители кој има дете помладо од седум години или тешко болно дете или дете со телесен или душевен недостаток и кој живее сам со детето и се грижи за неговото воспитување и заштита, може да му се наложи да врши прекувремена работа или патување поврзано со ноќевање надвор од седиштето на Државниот завод за ревизија, само по негова претходна согласност.

## 8.3 Заштита на вработени инвалиди на трудот

### Член 45

(1) Работодавачот им обезбедува заштита на инвалидите во текот на работата во согласност со закон.

(2) Работодавачот е должен да му обезбеди соодветно работно место со пократко работно време за остварување на правата од работен однос утврдени со закон, на инвалидот на трудот и на вработен со нарушена работна способност, согласно закон.

(3) На вработен инвалид на трудот со право на професионална рехабилитација по основ на професионална неспособност за работа, работодавачот е должен да му обезбеди услови за вршење на професионалната рехабилитација и да го распореди на друга работа со полно работно време во согласност со прописите од пензиското и инвалидското осигурување.

## 8.4 Право на враќање на претходно или друго соодветно работно место

### Член 46

На вработениот кој е привремено неспособен за работа поради повреда или повреда на работа, поради болест или поради професионална болест, а кој по рехабилитацијата и оздравувањето е способен за работа, што ќе го потврди овластено здравствено лице, има право да се врати на работното место каде што работел претходно. Доколку престанала потребата од тоа работно место, работодавачот е должен да му понуди склучување договор за друго соодветно работно место на исто ниво.

### Член 47

Работодавачот не може да му даде отказ на вработен кој е привремено неспособен за работа  поради лекување, рехабилитација од повредата со која се здобил или поради професионална болест.

## 8.5 Трајно губење на способноста за извршување на работните задачи

### Член 48

(1) Во случај на здравствена или професионална неспособност на вработениот за работа, работодавачот е должен во согласност со наодот и мислењето на овластеното лице или надлежниот орган, да му понуди на вработениот склучување на договор за работа и за извршување на работи и работни задачи за кои е способен.

(2) Пред да му се понуди на вработениот договор за вработување со изменети услови, работодавачот може да се консултира со претставниците на синдикатот.

(3) Понудата доставена до вработениот со изменети услови мора да биде во писмена форма.

## 8.6 Забрана за вознемирување на работно место

**Член 49**

Забрането е секој вид на вознемирување на работно место, како и злоупотреба на правата од вознемирување на работно место.

**Член 50**

(1) Психичко вознемирување на работно место е секое негативно однесување од поединец или група кое се повторува, континуирано и систематски, претставува повреда на достоинството, интегритетот, угледот и честа на вработениот и предизвикува чувство на страв или создава непријатност, пониженост чија крајна цел може да биде повреда на физичкото и менталното здравје, компромитирање на професионалната иднина на вработениот, престанок на работниот однос или напуштање на работното место.

(2) Полово вознемирување е секое вербално, не вербално или физичко однесување од полов карактер кое има за цел или претставува повреда на достоинството на вработениот кое предизвикува чувство на страв или создава непријатност и пониженост.

(3) Вознемирување на работно место претставува и поттикнување или наведување на однесување во смисла на ставовите (1) и (2) на овој член.

**Член 51**

(1) Работодавачот, раководителите на организациските единици и вработените во Државниот завод за ревизија се должни при работата да се однесуваат на начин со кој се почитува достоинството, интегритетот и угледот на вработените преку почитување на правилата на работниот ред и дисциплина и општите правила на однесување од ставовите (2) и (3) на овој член.

(2) Работодавачот и раководителите на организационите единици во текот на работата треба да:

- обезбедат услови во кој работата ќе се врши во атмосфера за заемно почитување, соработка без непријателство, понижувачко или навредливо однесување;
- развиваат свест кај вработените за потребата од заемно почитување и тимска работа во извршувањето на работните задачи и

- им овозможуваат на вработените право да изнесуваат свои ставови, мислења и предлози во врска со вршењето на работата на работното место, а поради тоа вработените да не трпат штетни последици.

(3) Вработените во текот на работата треба да:

- се однесуваат коректно, пристојно и достоинствено спрема другите вработени, работодавачот и раководителите на организационите единици;
- придонесуваат за создавање на работна околина во која нема да има вознемирување на работното место и
- придонесуваат за превенција и спречување на вознемирување на работното место.

(4) Вработениот кога ќе дознае за однесување за кое оправдано смета дека претставува вознемирување на работно место, има право да поведе постапка за заштита од вознемирување на работно место согласно закон.

# 9 ПЛАТА, ДОДАТОЦИ НА ПЛАТА И НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА

## 9.1 Плата

### Член 52

Вработениот има право на плата согласно Законот за државната ревизија, односно Законот за административните службеници, Законот за вработени во јавниот сектор, општите прописи за работни односи и овој Колективен договор.

## 9.2 Додаток на плата за работа надвор од редовно работно време

### Член 53

(1) Вработениот има право на додаток на плата за:

- ноќна работа;
- работа за време на неделен одмор;
- работа за време на празници утврдени со закон и
- работа подолга од полното работно време.

(2) Основната плата на вработениот за работа надвор од редовно работно време по час се зголемува за:

- ноќна работа по 35%;
- прекувремена работа по 35%;
- работа во ден од неделен одмор 35% и
- работа во три смени 5%.

(3) За работа во денови на празници и неработни денови утврдени со закон, вработениот има право на плата што му припаѓа во тие денови кога не работи и плата за поминатите часови на работа зголемена за 50%.

(4) Додатоците меѓу себе не се исклучуваат.

(5) По исклучок, работодавачот е должен на вработениот наместо парични средства да му овозможи користење на слободни часови односно денови.

(6) На вработениот кој работел ноќно време му се обезбедува соодветна храна или надоместок на трошоци за исхрана во висина од 20% од просечната нето плата по работник исплатена во Република Северна Македонија во претходната година, сразмерно за деновите кога работникот работи ноќе;

(7) Додаток на плата за работа надвор од редовно работно време се исплаќа доколку за оваа намена се обезбедени средства во Буџетот на ДЗР / финансискиот план на ДЗР.

## 9.3 Додаток на плата за раководител на ревизорска екипа

### Член 54

(1) На вработениот кој е распореден во групата на стручни административни службеници , кој се определени да ја извршува работата на раководител на ревизорски тим, му се определува додаток на коефициентот на плата во износ од 0,1 врз основа на поединечен акт донесен од Главниот државен ревизор.

(2) Додатокот од став 1 од овој член се исплатува доколку за оваа намена се обезбедени средства во Буџетот / финансискиот план на ДЗР.

(3) Вработените кои се распоредени како раководни административни службеници, немаат право на додаток за раководител на ревизорски тим.

## 9.4 Додаток на плата за работен стаж

### Член 55

(1) Делот од плата за работниот стаж на работникот се вреднува во износ од 0,5% од делот на плата за ниво, за секоја година работен стаж, а најмногу до 20%.

(2) Основната плата на работникот се утврдува на начин што основицата за пресметување на плати се множи со утврдениот коефициент за ниво и се зголемува за процентот за додатокот на плата за работен стаж.

## 9.5 Додаток на плата заради прилагодување кон пазарот на труд

### Член 56

(1) Вработените имаат право на додаток на плата заради прилагодување кон пазарот на трудот за што работодавачот може да побара од надлежните органи да се одобри додаток на плата.

(2) Барањето за одобрување на додатокот треба да биде засновано на анализа која треба да покаже дека:

- платите на пазарот на трудот за работните места се значително повисоки од платите на вработените кои извршуваат исти работи,
- вработувањето е отежнато или стапката на напуштање на работните места е неприфатливо висока,
- пазарот на трудот нуди ограничен број на квалификувани поединци за таквата работа или
- вработените биле подложени на повеќегодишно стручно усовршување и нивното напуштање на работното место би предизвикало големи фискални импликации по работодавачот.

### Член 57

Вработен со намалена работна способност (инвалид) што настанала како резултат од работата во Државниот завод за ревизија, а кој е распореден на друго работно место по тој основ, не може да има плата пониска од платата што ја имал пред распоредувањето.

### Член 58

Вработен со намалена работна способност предизвикана од старост и истоштеност, а кој е 5 години пред одење во пензија и е распореден на помалку вреднувано работно место, има плата во висина на платата од претходното работно место валоризирана со тековниот пораст на платите во Државниот завод за ревизија.

## 9.6 Надоместоци на плата

### Член 59

(1) Вработениот има право на надоместок на платата за целото време на отсуство во случаите и во траење определени со закон, како и во случаите кога не работи од причини на страната на работодавачот.

(2) Работодавачот е должен да му исплати надоместок на плата во случаите на отсуство од работа поради:

- годишен одмор;
- платен одмор;

- слободни денови;
- полагање на испити за дообразование, стручно оспособување и преквалификација, согласно потребата на работодавачот;
- празници утврдени со закон;
- воена вежба, учество во обука за одбрана, заштита и спасување, и
- учество на синдикални спортски игри, синдикална школа, при што, на претходно доставено барање од вработениот, акт донесува работодавачот, односно лице што тој ќе го овласти.

## 9.7 Надоместок на плата за време на привремена неспособност за работа

### Член 60

Работникот има право на надомест на плата за време на привремена спреченост за работа поради болест и повреда и за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство, согласно Законот за работни односи, Законот за здравствено осигурување, овој колективен договор и други закони и прописи.

### 9.7.1 Основица за утврдување на надоместокот на плата за време на привремена неспособност за работа

### Член 61

Надоместокот на плата за време на привремена неспособност за работа се утврдува согласно прописите за здравствено осигурување и други законски прописи.

## 9.8 Плата за време на суспензија

### Член 62

Работникот кој врз основа на решение е суспендиран од работодавачот, за времетраење на суспензијата има право на плата во износ од 60% од платата што ја примил за последниот месец пред донесување на решението за суспензија.

## 9.9 Плата за време на штрајк

### Член 63

За време на штрајк вработениот има право на плата во висина од 60% од платата што ја примил претходниот месец и придонеси од плата во цел износ.

# 10. НАДОМЕСТУВАЊЕ НА ТРОШОЦИ ПОВРАНИ СО РАБОТАТА

## 10.1 Патни, дневни и други трошоци за службени патувања во земјата и странство

### Член 64

(1) Вработениот има право на надомест на трошоци поврзани со работата утврдени со закон и со овој колективен договор за:

- патни, дневни и други трошоци за службени патувања во земјата и во странство;
- работа на терен;
- регрес за годишен одмор;
- непрекинато боледување подолго од 6 месеци;
- отпремнина за заминување во пензија;
- смрт на вработениот;
- смрт на член на потесното семејство;
- штета при елементарни непогоди;
- јубилејни награди;
- настанување на инвалидитет, и
- лекување на вработен или дете на вработен.

(2) Основицата за пресметување на надоместоците на трошоците поврзани со работа претставува просечна месечна нето плата по работник во Република Северна Македонија исплатена во изминатата година.

(3) Надоместоците на трошоците поврзани со работа се исплаќаат доколку за оваа намена се обезбедени средства во Буџетот на ДЗР / финансискиот план на ДЗР.

### Член 65

(1) На вработениот му следува дневница за службено патување во земјата, надоместок на трошоците за ноќевање во целосен износ според приложената сметка како и другите трошоци на направени за време на службено патување.

(2) Изборот на хотел или место за ноќевањето во земјата се врши врз основа на направени испитувања и избор на најповолна понуда која е во согласност со природата на службеното патување и законските акти од областа на јавните набавки.

(3) Дневницата за службеното патување во земјата се пресметува од часот на тргнување до часот на враќање од патувањето, и тоа:

- полна дневница се пресметува за службено патување што трае подолго од 12 часа и истата е утврдена со Законот за извршување на Буџетот на РСМ за соодветната година, односно обезбедените средства со Буџетот / финансискиот план на ДЗР,

- половина дневница се пресметува за службено патување коешто трае подолго од 8 часа, а пократко од 12 часа, истата е утврдена со Законот за извршување на Буџетот на РСМ за соодветната година, односно обезбедените средства со Буџетот / финансискиот план на ДЗР.
- за службено патување коешто трае повеќе денови, се пресметува полна дневница за секои 24 часа поминати на службеното патување.

**Член 66**

(1) На вработениот му следува дневница за службено патување во странство.

(2) Висината и начинот на пресметка на надоместоците од ставот (1) на овој член се утврдува во согласност со Уредбата за издатоците за службени патувања во странство што на органите на државната управа им се признаваат во тековни трошоци.

## 10.2 Трошоци за работа на терен

**Член 67**

(1) Вработениот кој поради природата на работата е упатен на терен, има право на надомест на трошоци за работа на терен за секој ден поминат на работа на терен.

(2) Висината на надоместокот се утврдува врз основа на посебен акт донесен од главниот државен ревизор на почетокот на годината, врз основа на обезбедените средства од Буџетот / финансискиот план на ДЗР и доставеното буџетско барање за соодветната година.

(3) Вработениот упатен на терен има право на обезбедено ноќевање во хотел согласно интерните политики утврдени во ДЗР.

(4) Надоместокот за работа на терен утврден во став 1 и 2 од овој член, се исклучува со надоместокот за дневници за службени патувања во земјата.

## 10.3 Регрес за годишен одмор

**Член 68**

На вработениот му се исплаќа регрес за годишен одмор во висина до 60% од просечната месечна нето плата по вработен, исплатена во Република Северна Македонија, објавена до денот на исплатата, под услов работникот да работел најмалку 6 месеци непрекинато во календарската година, само ако за тоа се обезбедени средства во Буџетот на РСМ.

### 10.4 Јубилејна награда

**Член 69**

На вработениот може да му се дава јубилејна награда во случај на непрекинато работење во ДЗР кога се навршуваат 10, 20, 30, и 40 години само ако за тоа се обезбедени средства во буџетот/финансискиот план на ДЗР

## 10.5 Еднократни надоместоци или парична помош

**Член 70**

(1) Вработениот има право на еднократен надоместок во случај на:

- непрекинато боледување подолго од шест месеци и на вработениот му се исплатува еднократна парична помош од основицата утврдена во член 64 став 2 од овој Колективен договор;
- заминување на работникот во пензија му се исплатува двократен износ од основицата предвидена во член 64 став 2 од овој Колективен договор;
- во случај на смрт на вработен на неговото семејство се исплатува надоместок во висина од три основици предвидени во член 64 став 2 од овој Колективен договор; ;
- во случај на смрт на член на потесното семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноци, посвоените деца и децата земени на издржување), на вработениот му се исплаќаат 2 основици предвидени во член 64 став 2 од овој Колективен договор;
- на потешки последици од елементарни непогоди, работодавачот може на вработениот да му исплати парична помош, најмалку во висината на една основица предвидена во член 64 став 2 од овој Колективен договор;

(2) Надоместоците од ставот 1 на овој член се исплатуваат по претходно доставено барање од вработениот со комплетирана документација со која се потврдува основот за исплата на надоместоците.

(3) Доколку надоместоците од ставот 1 се утврдени со закон вклучително и нивната исплата, во тој случај правото на истите ќе остварува согласно условите пропишани со законот со кои се уредени.

(4) Работодавачот донесува посебен акт за исплата на надоместоците од ставот 1 на овој член.

(5) Надоместоците од ставот 1 од овој член се исплатуваат доколку за тоа се обезбедени средства во Буџетот / Финансискиот план на ДЗР.

# 11 ДРУГИ НАДОМЕСТОЦИ

## 11.1 Надоместок за работна успешност во вршењето на државната ревизија и работењето и друг вид надоместоци

**член 71**

(1) На вработените кои покажале исклучителни резултати во вршењето на државната ревизија и работењето и се оценети со највисока оценка согласно акт со кој главниот државен ревизор го пропишува начинот и постапката на оценување на вработените државни ревизори може да им се исплати надоместок за работна успешност, доколку за тоа се обезбедени средства во Буџетот / Финансискиот план на ДЗР.

(2) Надоместокот за работна успешност се определува во износ колку што изнесува исплатената плата на наградениот вработен во последниот месец од годината за која се вршело оценувањето, доколку се обезбедени средства за таа намена во Буџетот / Финансискиот план на ДЗР.

(3) Вработените кои се определени за членови на работни групи формирани од Главниот државен ревизор за изработка на акти од областа на државна ревизија може да им се исплати надоместок во висина определена од Главниот државен ревизор со посебен акт, доколку се обезбедени средства во Буџетот / финансискиот план на ДЗР за оваа намена.

(4) При изработка на Буџетот / финансискиот план / буџетското барање на Државниот завод за ревизија потребно е да се планираат средства за остварување на правата на вработените утврдени во овој колективен договор.

# 12 ИНФОРМИРАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ

## 12.1 Информирање на претставниците на синдикалната организација

**Член 72**

(1) Работодавачот е должен да обезбеди континуирано информирање на претставниците на синдикалната организација на начин и преку средства за комуникација со кои располага Државниот завод за ревизија за следното:

- процесот на спроведување на вертикална функционална анализа кај работодавачот;

- изготвување на правилниците за внатрешна организација и систематизација на работните места;
- општите акти и одлуки со кои се уредуваат правата и обврските на вработените и
- други прашања од заеднички интерес согласно општите прописи за работните односи и прописите за безбедност и здравје при работа.

(2) Информирањето на претставниците на синдикалната организација се врши на писмен или електронски начин на доставување на информациите.

## 12.2 Информирање на членовите на синдикалната организација

### Член 73

(1) Членовите на синдикалната организација на Државниот завод за ревизија имаат право тековно да бидат информирани за активностите преземени од претставниците во органите на синдикалната организација.

(2) Членовите на синдикалната организација имаат право на пристап до сите материјали, колективни договори, документи, записници, одлуки, известувања, и други информации, кои континуирано ќе се презентираат на серверот на Државниот завод за ревизија во делот DZR-DOKUMENTI (Z:) во папката „SINDIKAT“.

(3) Администратор на папката „SINDIKAT“ е претседателот на синдикалната организација.

## 12.3 Комуницирање со членовите на синдикалната организација

### Член 74

(1) Заради заштита на своите права и обврски членовите на синдикалната организација на Државниот завод за ревизија можат да комуницираат со претставниците на синдикалната организација усно, писмено и електронски.

(2) Членовите на синдикалната организација имаат обврска активно да учествуваат во синдикалната организација и да доставуваат забелешки и предлози во врска со заштита на своите права и интереси до претставниците на синдикалната организација, при што истите треба да бидат образложени и правно поткрепени.

(3) Доставувањето на забелешките и предлозите до претставниците на синдикалната организација, а во врска со заштита на правата и обврските на вработените, се врши исклучиво по писмен и електронски пат.

(4) Претставниците на синдикалната организација се должни во рок од два (2) дена од добивањето да ги достават забелешките и предлозите на вработените до работодавачот или до овластеното лице за комуникација со синдикатот.

(5) Работодавачот или овластеното лице за комуникација може да достави одговор на добиените забелешки и предлози да достави одговор или објаснување по писмен или електронски пат во рок од три (3) дена по добивањето на истите.

(6) Претставниците на синдикалната организација се должни информацијата од работодавачот да ја проследат до членовите на синдикалната организација по писмен или електронски пат.

Член 75

На условите за работа и делување на синдикатот на ниво на ДЗР, остварување на правото на штрајк, на заштитата на правата на работниците, решавање на спорови и арбитража, изменување, следење и примена на овој Колективен договор се применуваат соодветно одредбите од Гранскиот Колективен Договор за органи на државната управа, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судовите, јавните обвинителства, казнено - поправните и воспитно - поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на Република Северна Македонија.

**12.3 Услови за работење и делување на Синдикатот**

**Член 76**

Работодавачот е должен да создаде услови за работа на Синдикалната организација при ДЗР, во врска со заштитата на правата на вработените од работниот однос, утврдени со закон, и овој и грански колективен договор.

**Член 77**

(1) На претседателот на Синдикалната организација и на членовите на органите, им се овозможува непречено комуницирање со одговорното лице на работодавачот.
(2) Синдикатот на УПОЗ изготвува список на синдикални претставници - членови на Извршниот одбор на Синдикалната организација и именуваните претставници и го доставува до работодавачот.

**Член 78**

(1) На барање на Синдикатот, работодавачот на претседателот на Синдикалната организација и на неговиот заменик им овозможува и обезбедува, стручни, административни и технички услови за работа заради остварување на синдикалните активности.
(2) Работодавачот им овозможува на синдикалните членови користење на салите за состаноци заради одржување на состаноци на Синдикатот кои по правило се

одржуваат кон крајот на работното време, со претходна најава до одговорното лице на ДЗР за истиот ден но не повеќе од два дена од денот на доставување на барањето.
(3) За редовно остварување на синдикалните активности на претседателот на синдикалната организација, и членовите на Извршниот одбор на Синдикалната организација доколку е во можност работодавачот им обезбедува и материјално-технички услови:
- умножување и печатење на материјали;
- користење на службено возило;
- телефон со излезна и интерна линија;
- интернет;
- простор за одржување на синдикални состаноци;
- и други услови неопходни за функционирање на Синдикалната организација.

**Член 79**

(1) Работодавачот е должен за Синдикатот да обезбеди пресметка и уплата на синдикална членарина по доставување на писмено известување од Синдикатот за висината на членарината. Таа се наплатува заедно со пресметката и исплатата на платата.
(2) Работодавачот е должен при исплата на платата да врши задршка и уплата на личните обврски на членот на Синдикатот (кредит, набавка на производи и стоки на рати преку Синдикатот).
(3) Членарината од членовите на Синдикалната организација се исплаќа на сметката на Синдикатот на УПОЗ кој потоа ја распределува согласно Статутот и другите акти на Синдикатот.
(4) Вработениот при стапување во Синдикатот потпишува пристапница.
(5) Стручната служба на Синдикатот на УПОЗ по добиената пристапница од Претседателот на Синдикалната организација ја известува службата за финансиско-сметководствени работи која е должна да ја пресметува и уплатува членарината.
(6) Работодавачот не смее да одбие издвојување на синдикалната членарина од платата на вработениот доколку стручните служби на Синдикатот на УПОЗ уредно и навремено достават пристапница и одлуката од став 1 на овој член.
(7) Работодавачот може да ја запре пресметката и исплатата на членарината на одреден вработен само со претходно писмено известување од Синдикатот УПОЗ.
(8) Работодавачот не смее да ја запре исплатата на синдикалната членарина од платата на вработениот доколку тој лично и непосредно се обрати на работодавачот.

**Член 80**

(1) Работодавачот може да учествува во трошоците на организирање за едукација и обука, културни манифестации и спортски игри и средби кои ги организира Синдикатот на УПОЗ.
(2) Работодавачот и Синдикатот на УПОЗ можат да склучат и спогодба со која попрецизно ќе биде регулиран начинот на остварување на правата од ставот 1 од овој член.

**Член 81**

(1) Претседателот на Синдикалната организација, неговиот заменик и членовите на органите на синдикална организација имаат право на посебна заштита утврдена со ЗРО и колективните договори.

(2) Лицата од ставот 1 на овој член за време на нивниот мандат и две години од истекот на мандатот не можат да добијат отказ по ниту еден основ и без нивна согласност и согласност на Синдикатот не може да бидат распоредени на друго работно место освен за дисциплинска одговорност, по сторен дисциплински престап или ако му престане работниот однос по сила на закон.

(3) На лицата од ставот 1 на овој член, работодавачот треба да им овозможи ефикасно вршење на функциите на синдикатот, за учество на синдикални состаноци, семинари, конгреси, конференции, учество на спортски натпревари и други синдикални активности согласно Статутот и програмата за работа на УПОЗ со платено отсуство од работа за време на вршењето на посочените активности, и тоа:

- за претседателот и заменик претседателот на Синдикалната организација до 72 часа месечно;
- за членови на синдикалните органи и тела до 56 часа месечно.

(4) Користењето на часовите за синдикални активности предвидени во став 3 се врши со претходно информирање на непосредниот раководител.

(5) По барање на Синдикатот и други членови на синдикалната организација може да користат платено отсуство за синдикални активности додека трае потребата од нивно ангажирање, но не подолго од 24 часа месечно.

## 13. ДИСЦИПЛИНСКА ОДГОВОРНОСТ НА ВРАБОТЕНИТЕ

**Член 82**

(1) Вработените во ДЗР одговараат дисциплински согласно Законот за административни службеници.

(2) Непочитување на работно време, распоредот и користењето на работно време од страна на вработените претставува дисциплинска неуредност и истото е основ за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност на вработениот.

(3) Доколку при вршење на државна ревизија вработените постапуваат спротивно на прописите за државна ревизија, на стандардите на Врховните ревизорски институции односно спротивно на важечката Методологија за вршење на државна ревизија, истото се смета за потешка повреда на службената должност и претставува основ за поведување на постапка за утврдување дисциплинска одговорност за дисциплински престап .

(4) Вработените во ДЗР сносат материјална одговорност во вршењето на работите и работните задачи согласно Законот за административни службеници.

# 14. ПРЕСТАНОК НА РАБОТЕН ОДНОС

## 14.1 Видови на престанок на работен однос

**Член 83**

(1) На вработениот во ДЗР му престанува работниот однос согласно Законот за административни службеници.

(2) На вработениот му престанува работниот однос:

- со спогодба,
- по негово барање,
- по сила на закон и
- во други случаи утврдени закон и овој колективен договор.

(3) На вработениот му престанува работниот однос со спогодба, кога со работодавачот ќе склучи писмена спогодба за престанок на работен однос.

(4) На работникот му престанува работниот однос во Државниот завод за ревизија, ако поднесе писмено барање за престанок на работен однос.

(5) Во случај на престанок на работниот однос по барање на вработениот отказниот рок трае 30 дена од денот на поднесувањето на барањето за престанок на работен однос, освен ако со закон поинаку не е утврдено.

(6) На вработениот му престанува работниот однос по сила на закон, ако:

- ја загуби работната способност со денот на доставувањето на правосилно решение за утврдување на загубена работна способност;
- му престане државјанството на Република Северна Македонија, со денот на доставување на решението за отпуст од државјанство на Република Северна Македонија;
- биде осуден за кривично дело во врска со службената должност, со денот на правосилноста на пресудата;
- му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност, со денот на правосилноста на пресудата;
- поради издржување на казна затвор во траење подолго од шест месеци, со денот на започнувањето на издржување на казната,
- наврши 62, 63, 64 или 65 години старост (за жени), односно 64, 65, 66 или 67 години старост ( за мажи),
- неоправдано отсуствува од работа најмалку три работни дена последователно во еден месец,

- се утврди дека при вработувањето премолчил или дал невистинити податоци во однос на општите и посебните услови за вработување,
- во рок од три дена не се врати на работа по завршувањето на неплатеното отсуство поради стручно оспособување или усовршување, и
- други случаи утврдени со закон и овој колективен договор.

(7) Решението за престанок на работниот однос на вработениот го донесува главниот државен ревизор.

(8) Решението за престанок на работниот однос се врачува лично на вработениот, по правило, во работните простории односно на адреса на неговото живеалиште, односно престојувалиште или по електронска пошта.

(9) Ако на вработениот не може да се пронајде на адресата на живеалиштето, односно престојувалиштето или ако го одбие врачувањето, решението се прикачува на огласната табла на Државниот завод за ревизија и по изминувањето на осум дена од денот на огласувањето се смета дека врачувањето е извршено.

(10) Против решението од ставот (6) на овој член работникот има право во рок од осум дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација, односно до надлежниот орган.

## 15. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 84

(1) Овој колективен договор се склучува за период од две години со можност за продолжување со писмена спогодба на страните на договорот.

(2) Овој колективен договор може да продолжи да важи ако страните на договорот, најдоцна 30 дена пред истекот на важењето склучат писмена спогодба со која ќе го продолжат важењето на овој колективен договор.

(3) Доколку не дојде до продолжување на овој колективен договор или склучување на нов по истекот на времето на важење, неговите одредби се применуваат и важат до склучување на нов или негово продолжување.

### Член 85

Овој договор го склучуваат главниот државен ревизор, Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи, здруженија на граѓани на Република Македонија (УПОЗ) претставуван од претседателот на УПОЗ и Синдикалната организација на Државниот завод за ревизија на Република Северна Македонија, претставувана од претседателот на синдикалната организација. .

**Член 86**

Овој договор се објавува на огласна табла во Државниот завод за ревизија.

**Член 87**

Со денот на влегување во сила на овој Колективен договор престануваат да важат:

- Колективен договор на Државниот завод за ревизија бр.01-403/1 од 15.04.2015 година,

- Спогодба за продолжување на важност на Колективниот договор на ниво на ДЗР бр: 01-290/1 од 19,04.2017 година,

- Колективен договор за изменување и дополнување на Колективниот договор на ниво на Државен завод за ревизија бр. 01-837/1 од 12.11.2018 година, и

- Спогодба за продолжување на важноста на Колективниот договор на Државниот завод за ревизија бр. 03-406/1 од 31.05.2019 година.

**Член 88**

Овој договор е склучен на __. __.2021 година, и ќе се применува од денот на неговото потпишување и заверување од секоја од Договорните страни.

**Член 89**

Овој договор се склучува во три еднообразни заверени примероци, од кои по еден за секоја од Договорните страни.

| Претседател на ОСО на ДЗР | Главен државен ревизор | Претседател на Синдикатот на УПОЗ |
|---|---|---|
| Мијалче Дургутов | М-р Максим Ацевски | Пецо Грујовски |